РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-859/2
08.08. 2023 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 09-1127/1
09.08. 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 став (1) и став (5) од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности, („Службен весник на Република Македонија“ бр. 47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15) и Решение од Министерство за правда заверено под број од .08.2023 година, на ден .08.2023 година, склучен е:

# Д О Г О В О Р

за доделување на средства по основ на донација на Црвен крст на Република Северна Македонија за хуманитарна помош за справување со последиците од катастрофалните поплави и силното невреме што ја зафтија Република Словенија

помеѓу договорните страни:

1. **ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА,** со седиште на ул. „Јордан Мијалков“ , Палата „Емануел Чучков“, Скопје, **претставувано од главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски** (во натамошниот текст: Давател на донацијата) од една страна,

   и

2. **ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** со седиште на ул. **„**Кочо Рацин, бр.13, Скопје **претставувано од Генерален секретар д-р Саит Саити**, (во натамошниот текст: Примател на донацијата)

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**Член 1**

Предмет на овој Договор е примање на донација во вид на парични средства во износ од 100.000,00 денари, кои ќе се користат од Примателот на донацијата

како хуманитарна помош за справување со последиците од катастрофалните поплави и силното невреме што ја зафтија Словенија.

## II. ЦЕЛ НА ДОГОВОРОТ

Член 2

Целта на оваа донација е поддршка на дејностите од јавен интерес во областа на социо-хуманитарните дејности од страна на Примателот на донацијата со цел давање материјална и финансиска помош за справување со последиците од катастрофалните поплави и силното невреме што ја зафтија Словенија.

## III. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ДАВАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈАТА

**Член 3**

(1) Дарателот на донацијата се обврзува:

- Предметот од член 1 од овој Договор да му го додели на Примателот на донацијата, односно паричните средства да ги уплати на трансакциска сметка, и тоа:

  Примател: Фондот на солидарноста на Црвениот крст на Република Северна Македонија

  Сметката на примателот: 300000001327966,

  даночен број: 4030984271620

  Носител на платен промет: АД Комерцијална банка

  со назнака: помош на настраданото население во Република Словенија

- <u>Да достави Извештај за дадена донација (образец „УЈП-ИДС/ДВ)“</u>

## IV. ПРАВА И ОБВРСКИ НА ПРИМАТЕЛОТ НА ДОНАЦИЈАТА

Член 4

Примателот на донацијата:

- се обврзува сите примени средства врз основа на овој Договор да се искористени за хуманитарна помош за справување со последиците од катастрофалните поплави и силното невреме што ја зафатија Словенија;
- Да го извести Давателот на донацијата најбрзо што може доколку настанат значителни отстапувања во суштината или во текот на активностите на донацијата;

Член 5

Примателот на донацијата се обврзува да изготви Извештај за донацијата. Извештајот ќе ги содржи следните податоци:

- име и назив на давателот и на примателот на донацијата;
- име и назив на крајниот корисник;
- опис на предметот на донацијата;
- крајна употреба на предметот на донацијата;
- други податоци.

## V. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 6

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, од кои по 2 (два) примероци за секоја договорна страна.

| ДАВАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА | ПРИМАТЕЛ НА ДОНАЦИЈА |
|---|---|
| **Државен завод за ревизија** | **Црвен крст на РСМ** |
| **Главен државен ревизор** | **Генерален секретар** |
| **М-р Максим Ацевски** | **Д-р Саит Саити** |

Изработил: м-р Билјана Блажевска Милевска

Контролирал: м-р Александар Поповски